Влада на Република Северна Македонија

НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР И КООРДИНАЦИЈА НА БОРБА ПРОТИВ ИЗМАМА НА ЕУ СРЕДСТВАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2023 година

Скопје, март 2024 година

## ВОВЕД

Министерството за финансии, согласно член 53 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

Надлежноста, постапката за вршење на финансиската инспекција и организацијата на финансиската инспекција во јавниот сектор, претходно беа регулирани со Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/13, 43/14, 153/15 и 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), а од февруари 2023 година стапи на сила новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23) и истиот е усогласен со европската регулатива во областа на дигитализацијата.

Согласно горенаведеното, овој извештај содржи информации за:

- Организациска поставеност на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата во рамки на Министерството за финансии.
- Работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2023 година и
- Преземени мерки за подобрување на институционалната поставеност на функцијата на финансиската инспекција во јавниот сектор.

## I. Организациска поставеност на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата во рамките на Министерството за финансии

Согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), работите на финансиската инспекција ги врши Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор (во натамошниот текст: Секторот), како посебна внатрешна организациона единица во рамките на Министерството за финансии. Со работата на Секторот раководи Главен финансиски инспектор (во натамошниот текст: Главен инспектор) кој директно одговара на министерот за финансии.

Секторот функционира од 2015 година, а согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесен од министерот за финансии на ден 05.12.2018 година, истиот е преименуван во Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата и е реорганизиран во две одделенија: Одделение за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво, надлежно за вршење работите на финансиската инспекција и Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС), надлежно за координација на административните и оперативните обврски и

активности и предлага измени на националното законодавство, со цел да се заштитат финансиските интереси на ЕУ.

Со новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесен од министерот за финансии кон крајот на 2022 година, Одделението за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво, е поделено на две посебни одделенија: Одделение за финансиска инспекција на субјектите на централно ниво и Одделение за финансиска инспекција на субјектите на локално ниво.

Покрај Главен инспектор, согласно актот за систематизација на работните места во министерството, предвидено е работно место за помошник раководител на сектор – Помошник главен инспектор, кое не е пополнето, а од крајот на 2022 година Секторот функционира со три одделенија и тоа:

а) Одделение за финансиска инспекција на субјектите на централно ниво, во кое се систематизирани 6 работни места: 1 раководител на одделение-виш инспектор, 3 советници-инспектори, 1 виш соработник- помлад инспектор и 1 помлад соработник.

б) Одделение за финансиска инспекција на субјектите на локално ниво, во кое се систематизирани 7 работни места: 1 раководител на одделение-виш инспектор, 3 советници-инспектори, 1 виш соработник-помлад инспектор, 1 помлад соработник и 1 референт.

в) Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС), во кое се систематизирани 6 работни места: 1 раководител на одделение, 3 советници, 1 соработник и 1 помлад соработник.

Финансиската инспекција во периодот од 2019 до месец август 2023 година, функционираше со Главен инспектор, 2 советници-инспектори, 2 виши соработници-помлади инспектори и 2 помлади соработници.

Во месец август 2023 година се спроведени постапки за унапредување и тоа:

- 2 советници-инспектори се унапредени во раководители на одделенија,
- 2 виши соработници-помлади инспектори се унапредени во советници инспектори.

Кон крајот на месец декември 2023 година е отпочната постапка за унапредување на 1 помлад соработник во виш соработник-помлад инспектор.

Финансиска инспекција се спроведува кај корисниците на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, фондовите, општините и од Градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или се сопственост на општините и на Градот Скопје или во кои државата или општините и Градот Скопје се акционери, кај корисниците на средства на ЕУ фондовите, во непрофитните организации и другите правни и физички лица само за делот на добиените јавни средства или гаранции (во натамошниот текст: субјектите на финансиската инспекција).

## II. Работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2023 година

Финансиската инспекција врши инспекциски надзор над законитоста, ефикасното и одговорно користење на буџетските средства, средствата на ЕУ фондовите и средствата од други јавни извори, без разлика дали тие претставуваат приход, трошок, расход, враќање на средства, побарувања, обврски и капитал, кај субјектите на финансиска инспекција. Целта на финансиската инспекција е да се заштитат јавните финансиски интереси во финансиското управување со средствата на државниот буџет, буџетите на единиците на локалната самоуправа и средствата од други јавни извори како и средства на ЕУ фондовите, со утврдување на законитоста и нивното ефикасно и одговорно користење во согласност со посебните прописи кои ја пропишуваат надлежноста за спроведување на финансиска инспекција.

Во 2023 година, финансиската инспекција се спроведуваше согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23). Основи за започнување финансиска инспекција се поднесени пријави во хартиена форма од физички лица, раководни лица или вработени во субјектите на финансиската инспекција и правни лица поткрепени со докази и/или со наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, како и по пријава од Одделението за координација на борба против измами на ЕУ средства (АФКОС), кое постапува по барање на Европската канцеларија за борба против измами (OLAF - Office Europeen de Lutte Anti-Fraude), кај субјектите на финансиската инспекција.

Финансиските инспекции започнати до денот на влегувањето во сила на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23)[1], беа завршени според одредбите од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 43/14, 153/15, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21).

Главниот инспектор ја поведува постапката за финансиска инспекција во јавниот сектор со издавање овластување на финансиските инспектори за спроведување финансиска инспекција по поднесена пријава за финансиска инспекција, според нејзиниот приоритет, согласно со критериуми за утврдување на приоритетноста на пријавата.

Во периодот од 2014 година заклучно со 2023 година до Финансиската инспекција се доставени вкупно 13.464 пријави, од кои во текот на 2023 година до Секторот се доставени 2.054 пријави.

Податоците за постапување на Финансиската инспекција во текот на 2023 година, се следни:

1 Новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23) влезе во сила на 07.02.2023 година.

1. Издадени се овластувања за поведување постапка за финансиска инспекција кај субјекти од јавниот сектор по основ на 499 поднесени пријави за финансиска инспекција.
2. По основ на 340 пријави изготвени се записници од спроведен инспекциски надзор/извештаи за извршена финансиска инспекција/конечни записници за извршена финансиска инспекција[2] кај субјекти од јавниот сектор.
3. По основ на 82 пријави во постапката на финансиска инспекција не се констатирани прекршоци и изготвени се заклучоци за запирање на постапката на инспекциски надзор.
4. Изготвени се 156 решенија за отфрлање на доставена пријава, согласно закон, поради ненадлежност, непоткрепеност со докази и/или наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства, како и со средствата на ЕУ фондовите кај субјектите, неотстранување на недостатоци на нецелосен или нејасен поднесок од страна на овластен подносител, доставување на пријава од страна на овластен подносител по истекот на законски предвидениот рок и решенија за запирање на постапката на финансиска инспекција, согласно закон, поради повлекување на пријавата од страна на овластен подносител.
5. Изготвени се 6 известувања за доставување на постапување на надлежен орган согласно закон.
6. Спроведени се постапки за порамнување со издавање на 333 прекршочни платни налози со кои се изречени глоби во вкупен износ од 9.363.375,00 денари.
7. Во постапките за порамнување кои завршија успешно, односно сторителите на прекршоците во законски определениот рок од 8 дена од приемот на прекршочните платни налози, платиле по половина од износите од изречените глоби, наплатени се глоби во вкупен износ од 1.028.086,00 денари. За постапките на порамнување кои завршија неуспешно, финансиската инспекција, согласно закон, поднесе барања за поведување прекршочна постапка пред надлежните судови.

---

2 За финансиските инспекции започнати до денот на влегувањето во сила на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), 07.02.2023 година, кои се однесуваат на почитувањето на одредбите од Законот за финансиска дисциплина (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13, 201/14, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19, 122/21 и 129/23), се составуваше записник од извршен инспекциски надзор.
За останатите постапки на вршење финансиска инспекција согласно стариот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 43/14, 153/15, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), се изготвуваше извештај за извршена финансиска инспекција.
За финансиските инспекции започнати од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), 07.02.2023 година, се составува претходен и конечен записник за извршена финансиска инспекција.

8. Поднесени се 125 барања за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд[3]. По основ на 66 од вкупно поднесените 125 барања, надлежните судови постапиле во текот на 2023 година и ги донеле следните одлуки:

   – По 50 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле одлуки со кои изрекле 23 глоби во вкупен износ од 3.805 евра во денарска противвредност. Против дел од овие одлуки Финансиската инспекција изјави 19 жалби пред повисок суд поради висината на изречената глоба која е под минималниот износ на глоба предвиден во материјалниот закон каде е пропишан прекршокот. Од нив, 8 жалби се уважени и повисоките судови донеле мериторни одлуки со изрекување на максимални износи на глоби за сторителите, предвидени во законите каде се пропишани прекршоците, односно изрекле 8 глоби во вкупен износ од 8.500 евра во денарска противвредност (522.750,00 денари). За останатите изјавени жалби, судските постапки се во тек.

   – По 11 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле одлуки со кои изрекле 13 опомени, против кои Финансиската инспекција изјави 11 жалби до повисок суд, поради тоа што не биле исполнети законските услови за изрекување на прекршочна санкција - опомена од првостепениот суд. Од нив, 9 жалби се уважени и повисоките судови донеле мериторни одлуки со изрекување на максимални износи на глоби за сторителите, предвидени во законите каде се пропишани прекршоците, односно 9 глоби во вкупен износ од 6.500 евра во денарска противвредност (399.750,00 денари). По останатите изјавени жалби, судските постапки се во тек.

   – По 6 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле одлуки за враќање на барањата со цел спроведување постапка за порамнување, против кои Финансиската инспекција изјави жалби до повисок суд, но истите се одбиени, односно се потврдени одлуките на првостепените судови.

9. Финансиската инспекција има примено одлуки од надлежните судови во текот на 2023 година по однос на 24 барања за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд поднесени во претходни години и тоа:

   – По 5 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле одлуки со кои изрекле 6 глоби во вкупен износ од 4.000 евра во денарска противвредност (246.000,00 денари). Против 1 од овие одлуки Финансиската инспекција изјави жалба пред повисок суд поради висината на изречената глоба која е под минималниот износ на глоба предвиден во материјалниот закон каде е пропишан прекршокот, која е одбиена од повисокиот суд и во врска со ваквата одлука на повисокиот суд, во тек е

[3] За сторен прекршок пропишан во Законот за финансиска дисциплина (*) се доставува едно барање за поведување прекршочна постапка за субјектот од јавниот сектор и за одговорното лице на субјектот од јавниот сектор.

подготовка на предлог за подигање на барање за заштита на законитоста кое ќе се достави до Основното јавно обвинителство.

- По 6 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле одлуки со кои изрекле 7 опомени. Против 6 од овие одлуки Финансиската инспекција изјави жалби до повисок суд, поради тоа што не биле исполнети законските услови за изрекување на прекршочна санкција - опомена од првостепениот суд. Од нив, 2 жалби се уважени и повисокиот суд донел мериторни одлуки со изрекување на максимални износи на глоби за сторителите, предвидени во законите каде се пропишани прекршоците, односно изрекол 2 глоби во вкупен износ од 1.000 евра во денарска противвредност (61.500,00 денари), а 1 жалба е отфрлена од повисокиот суд поради ненавремена достава. За останатите изјавени жалби, судските постапки се во тек.
- По 9 барања за поведување прекршочна постапка, првостепените судови донеле 9 одлуки за враќање на барањата со цел спроведување постапка за порамнување, против кои Финансиската инспекција изјави жалби до повисок суд и судските постапки се во тек.
- По 1 барање за поведување прекршочна постапка, првостепениот суд донел одлука за отфрлање на барањето поради ненадлежност, против која Финансиската инспекција изјави жалба до повисок суд и судската постапка е во тек.
- По 4 барања за поведување прекршочна постапка, по кои првостепениот суд во 2022 година донел одлука за враќање на барањата заради спроведување постапка за порамнување, а повисокиот суд во 2023 година ја потврдил одлуката на првостепениот суд. Финансиската инспекција во 2023 година до Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија, поднесе Предлог за подигање на барање за заштита на законитоста против правосилни судски одлуки, во смисла на одредбите од член 457 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), заради сторени суштествени повреди на одредбите на прекршочната постапка со донесени решенија од страна на првостепениот и второстепениот суд, со цел Основното јавно обвинителство на РСМ да подигне Барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Северна Македонија, во смисла на одредбите од член 461 од Законот за кривичната постапка. Постапката по овој вонреден правен лек е во тек.

10. Во извештаите за извршена финансиска инспекција издадени се вкупно 2 мерки, согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 43/14, 153/15, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), кои се однесуваат за враќање на средства во буџетот на Република Северна Македонија, во вкупен износ од 690.156,00 денари, по кои заклучно со 31.12.2023 година субјектот на финансиска инспекција нема постапено, поради што ќе се спроведат постапки за порамнување

со издавање прекршочни платни налози.

11. Субјект на финансиска инспекција во 2023 година постапил по издадени 2 мерки по рокот определен во извештајот за извршена финансиска инспекција од претходна година, согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор и во Буџетот на Република Северна Македонија вратил средства во вкупен износ од 191.119,00 денари.
12. По основ на 9 пријави подготвени се 7 извештаи за извршена финансиска инспекција, кои се доставени до Основното јавно обвинителство, бидејќи 6 субјекти на финансиска инспекција не постапиле по дадените мерки на инспекцијата за враќање на средства во буџетот на Република Северна Македонија, во вкупен износ од 325.751 евра во денарска противвредност (20.033.675,00 денари), додека за 1 субјект на финансиска инспекција извештајот од инспекцијата е пратен на надлежност до Основното јавно обвинителство по друг законски основ.
13. По основ на 190 пријави постапката на финансиска инспекција е во тек, од кои по 32 пријави изготвени се претходни записници за извршена финансиска инспекција.

Во однос на податоците прикажани во точките 2, 3, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13, потребно е да се напомене дека истите произлегуваат од постапки на финансиска инспекција поведени во 2023 година, но и од постапки на финансиска инспекција поведени во претходни години.

**Графикон 1 - Споредбен приказ на број на издадени и платени прекршочни налози во 2022 и 2023 година**




Во Графиконот 1 е даден споредбен приказ на бројот на издадени прекршочни платни налози во 2023 година наспроти 2022 година и бројот на издадени прекршочни платни налози во 2023 година наспроти 2022 година по кои сторителот ја платил глобата. Од тука може да се види дека во 2023 година бројот на издадени прекршочни платни налози и бројот на прекршочни платни налози по кои сторителот ја платил

глобата во споредба со 2022 година бележи значителен пораст. Имено, во 2023 година бројот на издадени прекршочни платни налози во споредба со бројот на издадени прекршочни платни налози во 2022 година се зголемил за 187%, додека пак бројот на прекршочни платни налози издадени во 2023 година по кои сторителот ја платил глобата во споредба со бројот на прекршочни платни налози издадени во 2022 година по кои сторителот ја платил глобата се зголемил за 160%.

**Графикон 2 - Споредбен приказ на износ на изречени и платени глоби во постапки на порамнување во 2022 и 2023 година**




Во Графиконот 2 е даден споредбен приказ на износот на изречени и платени глоби во постапките на порамнување спроведени во 2023 година наспроти 2022 година, од кој е видно дека во 2023 година износот на изречени и платени глоби во постапките на порамнување во споредба со 2022 година бележи позитивен тренд. Имено, во 2023 година износот на изречени глоби во постапките на порамнување во споредба со износот на изречени глоби во постапките на порамнување во 2022 година, се зголемил за 49%, додека пак износот на платени глоби во постапките на порамнување во 2023 година во споредба со износот на платени глоби во постапките на порамнување во 2022 година се зголемил за 202%.

**Графикон 3 - Постапување по пријави за вршење финансиска инспекција во периодот 2014-2023 година**




Вкупниот број на примени пријави за финансиска инспекција во периодот од 2014 година заклучно со 2023 година изнесува 13.464 пријави. Финансиската инспекција во периодот од 2014 година заклучно со 2021 година има постапено по вкупно 1.218 пријави, во текот на 2022 година има постапено по 433 пријави и во текот на 2023 година има постапено по 502 пријави. Во рамки на извршените финансиски инспекции беше спроведен инспекциски надзор согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, а во врска со почитувањето на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за пријавување и евиденција на обврските, Законот за финансиска дисциплина, Законот за социјалната заштита и Законот за културата.

Вкупните позитивни трендови кои Финансиската инспекција ги забележа во целокупното постапување во 2023 година, во однос на претходните години, придонесоа за зголемен ефект на инспекцијата во поглед на обезбедување на законитоста на работењето на субјектите од јавниот сектор. Во прилог на ова е и фактот дека, како резултат на засилените инспекции кај субјектите од јавниот сектор во врска со почитувањето на одредбите од Законот за пријавување и евиденција на обврските, почнувајќи од декември 2022 година и во текот на цела 2023 година, бројот на пријави за вршење финансиска инспекција, доставени поради непочитување на одредбите од споменатиот закон бележи тренд на опаѓање. Имено, бројот на примени пријави за вршење финансиска инспекција по овој основ во 2022 година изнесува 2.315, додека во 2023 година бележи драстично и континуирано намалување и изнесува 1.411 пријави. Ова е еден од примерите кои недвосмислено укажуваат на ефективното влијание кое финансиската инспекција го оствари во 2023 година врз субјектите на финансиска инспекција во поглед на постигнувањето на основната цел за обезбедување заштита на јавните финансиски интереси во финансиското управување со јавните средства и обезбедување законито работење и користење на јавните средства.

## III. Преземени мерки за подобрување на институционалната поставеност на функцијата на финансиската инспекција во јавниот сектор

Во рамките на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022-2025 година, во рамките на Столб VI - Јавна внатрешна финансиска контрола, како Приоритет 3 е наведена Финансиска инспекција, со цел да се обезбеди професионализација и унапредување на функцијата на финансиската инспекција, како основа за зголемување на квалитетот на финансиската контрола во насока на заштита на јавните финансиски интереси.

Целта на овој приоритет се постигна преку две мерки и тоа:

- Зајакнување на институционалната основа на функцијата на финансиската инспекција, во рамки на која е донесен нов Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), кој почна да се применува од 7 февруари 2023 година. По влегување во сила на новиот закон, се изготвија вкупно 17 подзаконски и интерни акти, од кои 2 подзаконски акти се донесени и објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, 4 интерни акти се донесени и објавени на веб страната на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, а изготвена е и Процедура за вршење на финансиска инспекција со прилози и истата е доставена на разгледување до тимот за квалитет. Останатите подзаконски и интерни акти се во фаза на финална доработка и усогласување со Секретаријатот за законодавство.

Во рамки на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“, со поддршка на експерти, подготвена е Методологија за собирање и обработка на статистички податоци со индикатори за следење, мерење и проценка на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор.

- Зајакнување на капацитетот на човечките ресурси на финансиска инспекција, која мерка, се реализира со поддршка на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола”, во рамки на кој е изработена Програма за обуки за вршење финансиска инспекција, со цел вработените во Секторот да можат да ги усовршуваат потребните стручни знаења и вештини за да ги идентификуваат, откријат и подоцна да постапуваат по утврдените неправилности или сомневања за кривично дело во управувањето со буџетот и со тоа да придонесат за зајакнување на финансиската дисциплина и заштита на националните финансиски интереси.

Воедно, согласно новите правилници за организација и систематизација на работните места во Министерството за финансии, во текот на 2023 година е реализирана постапка за унапредување на 4 (четири) вработени во Секторот и иницирана е постапка за унапредување на уште 1 (еден) вработен во Секторот.

Секторот Академија за јавни финансии во Министерството за финансии, кој е формиран со новиот Правилник за внатрешна организација и работа на Министерството, ќе спроведува континуирано професионално и стручно усовршување

и обучување на финансиските инспектори за вршење на финансиска инспекција, како и за стекнување лиценца за финансиски инспектор и полагање на испитот за стекнување на лиценца за финансиски инспектор.

Во насока на усовршување на потребните стручни знаења и вештини, во рамки на Твининг "Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола" спроведени се и следните активности во насока на зајакнување на капацитетите на финансиската инспекција и тоа:

- одржана е обука - Кривичен законик, Закон за кривична постапка и други релевантни закони поврзано со законската пракса за заштита на финансиските интереси на ЕУ;
- одржана е работилница за Буџетско сметководство за инспектори и
- реализирана е студиска посета во Прага - Република Чешка.

Во насока на подобрување на имплементацијата на активностите и постигнување на планираниот резултат, се преземаат активности за финализирање на постапката за воведување систем на годишно наградување на финансиските инспектори базиран на резултати, преку доработка на Упатство за начинот на следење, мерење и проценка на ефективноста на инспекторите, како основа за доделување награда за најдобар инспектор согласно законски утврдени критериуми и доделување награда за најдобар финансиски инспектор за 2024 година, унапредување на вработените во финансиската инспекција, како и реализација на нови вработувања во финансиската инспекција и континуирано стручно усовршување на вработените во Секторот преку обуки спроведени од домашни и странски обучувачи.